Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Бр.Nr 02-51/14
16.01 2023
Скопје/Shkup

Врз основа на член 4 став 3, член 8 став 2 и член 9 алинеја 2 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08и 145/10) и член 37-гстав 6 од Законот за буџети (Сл. весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Судскиот буџетски совет на седницата одржана на ден 16.01.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА**
**ВРХОВНИОТ СУД НА РСМ**
**за превентивно,постгаранциско одржување и адаптивно одржување на информатичко комуникациската технологија во судскиот систем на РСМ за 2023 година**

1. Се одобруваат средства на ВСРСМ за постгаранциско одржување на системот за прецизна климатизација во сервер салата во износ од 130.000 денари.

2. Се одобруваат средства на ВСРСМ за превентивно и постгаранциско одржување на хардверска и софтверска опрема од ИПА 2010 во износ од 8.000.000 денари.

3. Се одобруваат средства на ВСРСМ за превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системот имплементиран во сите судови во РСМ во износ од 8.700.000 денари.

4. Се одобруваат средства на ВСРСМ за одржување на системот за електронска пошта (е-маил) кој имплементиран на Lotus Notes програма во износ од 160.000 денари

5. Средствата се обезбедуваат од Буџетот на РСМ за 2023 година, во раздел 29010 – Судска власт, програма 20 – Судска администрација, ставка 424 – Поправки и тековно одржување, кои по завршување на постапките за набавка ќе бидат одобени на сметка на Врховниот суд на РСМ.

6. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**